"ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА" ПОРАЧУВА

# "Водете љубов, а не политички партии"

"Златна бубамара на популарноста" годинава го слави својот 14. роденден. Манифестацијата која секоја година ги наградува најпопуларните на естрадата, културата и спортот, ќе се одржи на средината од февруари, во Универзалната сала. Оваа година слоганот на популарното шоу е "Водете љубов, а не политички партии".

- Најпопуларната и најсакана манифестација на Балканот по 14. пат ќе ги додели најпрестижните награди во областа на медиумите, естрадата, спортот, културата и бизнисот. Во стилот на секое издание на "Златна бубамара", слоганот и оваа година е провокативно-симпатичен. И оваа година ќе има многу позитивна енергија, болки во стомакот, рацете и колената. Како и секоја година, сценариото и добитниците се чуваат во најголема тајност, која ни "Викиликс" не успева да ја пробие. Од минатите години сѐ уште ги паметиме перфектниот хумор и настапите на најголемите македонски и балкански ѕвезди, кои ја сместија "Златна бубамара" во еден од најзначајните настани од Македонија - ни изјави Ранко Петровиќ, режисер и организатор на шоуто.

Тој вели дека датумот на одржувањето и деталите за билетите дополнително ќе бидат соопштени. **(М.Ц.)**



Музичката манифестација годинава го слави својот 14. роденден.- Слаткар лани на "Златна бубамара"

# Ребека подари пакетчиња на Детската клиника

Здружението на граѓани за лица и деца со посебни потреби "Дајте им крилја", кое го основаше поп-пејачката Ребека, подели новогодишни пакетчиња на Детската клиника во Скопје.

Децата кои се лекуваат на одделот за онкологија и хематологија добија новогодишни подароци, со честитки за подобро здравје и што поскоро заминување дома. Ребека се дружеше со дечињата од Клиниката и ги потсети дека најскапоцени се нивната насмевка и вербата во подобро здравје.

Пејачката го основаше здружението пред четири месеци. Вакви акции на "Дајте им крилја" се во план и понатаму. Во претходното интервју за "Вест", Ребека рече дека се подготвува и веб-страница со помош на која сите лица со посебни потреби ќе можат да се информираат за лекувањето и за соодветната терапија. Како дел од активностите, таа најави и спортски активности за штитениците на здружението. **(М.Ц.)**



Ребека и сестра ѝ Хелена им подарија пакетчиња и книги на децата

# Бритни со нов сингл

**ЊУЈОРК (Билборд)** - На големо изненадување и задоволство на обожавателите на Бритни Спирс, синглот "Против мене" (Hold It Against Me) беше официјално пуштен еден ден порано од најавеното благодарение на Рајан Сикрест.

Продуценти на синглот се Д-р Лук и Макс Мартин, кој беше пуштен на веб- сајтот на водителот на "Американски идол" и е водечки сингл од албумот, идниот седми студиски на пејачката, кој ќе излезе во март.



Синглот "Против мене" беше официјално пуштен еден ден порано од најавеното

"Супер е песната. Ќе биде хит по ноќните клубови", изјави Сикрест, кој додаде дека моментално се снима спот за песната.

Вчера Бритни Спирс им се извини на обожавателите за предвременото објавување на песната и изјави дека се надева дека не им пречи.

"Не можев повеќе да издржам. Се надевам дека не ви пречи".